*Дарко Николовски*
(НУ Национален конзерваторски центар - Скопје)

# ЦИЛУСОТ НА СВ. ДИМИТРИЈ ВО МАНАСТИРСКАТА ЦРКВА СВ. ДИМИТРИЈ ВО ВЕЛЕС

*Апстракт*: При конзерваторските работи кои се одвиваа во црквата Св. Димитриј во Велес, во припрата на храмот откриено е ѕидно сликарство од крајот на XIII век, каде се издвојува циклусот посветен на св. Димитриј. Од циклусот сочувани се само три сцени, две на северниот ѕид - *св. Димитриј го спасува Солун од глад* и *св. Димитриј го убива царот Калојан* и третата *Маченичката смрт на св. Димитриј*, сместена во полукружниот простор формиран од лакот на сводот на западниот ѕид. И покрај широката популарност на Св. Димитриј во православната екумена, како еден од најзначајните великомаченици кој бил редовно застапуван во репертуарот на храмовите, пред се како воен заштитник, неговиот циклус не е зачуван во голем број. Од таму, циклусот на св. Димитрија, од манастирската црква Св. Димитрија во Велес, има посебен иконографски значај, а пред сè неговата хронологија од крајот на XIII век, што овој циклус го позиционира во еден од постарите сочувани во средновековната уметност.

*Клучни зборови*: црква Св. Димитрија во Велес, циклус на св. Димитриј, св. Димитриј го спасува Солун од глад, св. Димитриј го убива царот Калојан, Маченичката смрт на св. Димитриј, крај на XIII век

Манастирската црква Св. Димитриј во Велес, претставува еднокорабна градба со профилирана тристрана апсида. На западната страна е додадена правоаголна припрата а над неа е изведена камбанарија, што е отворена од три страни. (**Сл. 1**) И наосот и нартексот се засведени. Според архитектурата се смета дека манастирот потекнува од крајот на XIII век[1] Црквата имала сериозни оштетувања и според легендата долго време била затрупана. По иницијатива на П. Здравев од Велес и со помош

[1] Околу датирањето на архитектурата на црквата Св. Димитриј во крајот на XIII век, в.: С. Коруновски, *Црковна архитектура во Македонија во XIII век,* Скопје 2000 (докторска дисертација), 69-83; С. Коруновски - Е. Димитрова, *Византиска Македонија*, Скопје 2006, 106, сл. 79, црт. 34-36;



Сл. 1. Поглед од северозападната страна, црква Св. Димитриј во Велес

Fig. 1. View from the north-west side, church of St. Demetrius in Veles

на поимотните сограѓани црквата била поправена и целосно живописана од страна на велешкиот зографот Хаџи Косте Крстев во 1855 г. што се наведува во натписот на јужната страна од сводот.[2]

При конзерваторските работи кои се одвиваа во црквата Св. Димитриј во Велес, во припрата на храмот откриено е ѕидно сликарство од крајот на XIII век.[3] Автентичниот живопис е откриен во три зони, на северниот и западниот ѕид при што е откриен Ктиторот на храмот, циклусот посветен на св. Димитриј, сцени од Страшниот суд и делумно една композиција на Крштевањето Христово. За овие откритија се спрема посебен труд а во оваа прилика ќе се задржиме на иконографската тематика на циклусот посветен на патронот на храмот св. Димитриј.

Циклусот посветен на Св. Димитриј се протега во највисоката трета зона, во закривениот простор на полукружниот свод во припратата на црквата Св. Димитрија во Велес. Од циклусот сочувани се само три сцени, одвоени со црвена лента, две на северниот ѕид - *св. Димитриј го спасува Солун од глад* и *св. Димитриј го убива царот Калојан* и третата

---

2 Ст. Симић, *Велешки манастир светог Димитрија*, Скопље 1923, 5-29; Ђ. Бошковић, *Манастир Св. Димитрија крај Велеса*, Старинар VII, Београд 1932, 103, сл. 25; К. Балабанов, А. Николовски, Д. Ќорнаков, *Споменици на културата на Македонија*, Мисла, Скопје 1980.

3 Во периодот од 2018-2022 г. се изведени конзерваторските работи кои ги реализира стручна екипа од НУ Националниот конзерваторски центар – Скопје во состав: раководител на конзерваторските истражувања м-р Дарко Николовски, конзерватор советник, и раководител на изведбени работи м-р Владо Муковски, конзерватор советник, со членови на тимот – Момчило Трајковски, конзерватор советник и м-р Зарије Амдиу, виш конзерватор.



Сл. 2. Северен ѕид во припратата на црквата Св. Димитриј во Велес

Fig. 2. North wall of the narthex of the church of St. Demetrius in Veles

*Маченичката* смрт *на св. Димитриј*, сместена во полукружниот простор формиран од лакот на сводот на западниот ѕид. Сцените сè со видни оштетувања кои ја отежнуваат целосната идентификација.

Св. Димитриј, според преданијата родум од Солун, каде за време на царот Максимијан (285-305), поради своите длабоки христијански уверенија маченички пострадал на 26 октомври.[4] Неговот култ рано се востановил во Солун со изградба на светилиште/базилика посветана на неговото маченииштво во средината на V век (после 415 г.),[5] од страна на епархот Илирик Леонитиј како благодарност за неговото исцеление од страна на св. Димитриј, со што Солун се позиционирал како главен центар на почитување на светителот. Наспроти нецелосните податоци за неговата биографија, околностите околу неговата смрт и локацијата каде бил погребан (во некоја од солунските бањи), базиликата во Солун станала главен извор од каде се ширел неговиот култ во византискиот свет.[6] Тој

---

[4] Основните хагиографски податоци за животот и страдањето на свети Димитриј, в.: Migne, Patrologia graeca CXVI (1864), col. 1116-1118; Макарий митрополит, *Велики минеи четии*, октябрь, т. 6, Санкт Петерсбургъ 1880, col. 1872-1912; P. Lemerle, *Les plus ancients recueils des Miracles de Saint Démétrius,* I-II, Paris 1979-1980, I, 9, 10; II, 197-203; Ф. Баришић, *Чуда Димитрија Солунског као историски извори,* Београд 1953, 16-29; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности* (одбранета докторска дисертација во ракопис). Филозофски факултет, Београд 1973; *Αγίου Δημητρίου θαύματα. Οι Συλλογές Αρχιεπισκόπου Ιωάννου καί Ανωνύμου. Ο βίος, τά θαύματα και η Θεσσαλονίκη του Αγίου Δημητρίου,* ed. Χ. Μπακιρτζής, Θεσσαλονίκη 1997; С. Пајић, *Циклус светог Димитрија у Пећкој патријаршији I*, Зборник радова Филозофског факултета у Приштини 50/2 (2020) 120–123;

[5] А. Ξυγγόπουλος, Η βασιλική του Αγίου Δημητρίου Θεσσαλονίκης. Θεσσαλονίκη. 1946; Bakirtzis, Ch. The Basilica of St. Demetrius. Thessaloniki, 1988.

[6] Во науката суштествува дилема за потеклото и почетоците на култот на светителот, каде покрај Солун, се споменува Сирмијум (Сремска Митровица) како можен центар на култот на св. Димитриј, каде истоимениот ѓакон е погубен заради ширењето на христијанството на 9 април 304 г, од каде неговиот култ е пренесен во Солун (H. Delehaye, Les légendes grecques des saints militaires. Paris 1909, 103-108; Ф. Баришић, Чуда Димитрија Солунског, 16; За различни тумачења на потеклото на култот на св. Димитриј во историографијата, в.: P Toth, "Syrmian martyrs in exile. Pannonian



Сл. 3. Св. Димитриј го спасува Солун од глад, северен ѕид во припратата на црквата Св. Димитриј во Велес (цртеж Јехона Спахију Јанчевска)

Fig. 3. *St. Demetrius saves the town of Thessalonica from the famine,* north wall of the narthex of the church of St. Demetrius in Veles (Drawing made by dr. Jehona Spahiu Janchevska)



набргу станал високо почитуван и во самиот Цариград каде бил прифатен

case – studies and a re-evaluation of the St. Demetrius problem", Byzantinische Zeitschrift Bd. 103/1, 2010, 145-154. Поврзаноста на сирмијумскиот и солунскиот св. Димитриј, пренесување на култот или нивно поврзување на истоимените светители, в.: H. Dele-

за свој заштитник од највисоките политички кругови на власта и од таа причина императорот Маврикиј (582–602) се обидел, неуспешно, да ги префрли моштите во престолнина. Почнувајќи од втората половина на IX век, култот на св. Димитриј се раширил во Констатинопол што резултирало со видна сакрална градежна активност во негова слава. Овој процес на почитување на светителот го доживеал својот врв за време на Комнените (1081-1185), кога владеачката фамилија својот пиетет кон светителот го искажала, преку актот на Мануил I Комнен (1143/49) кој ја пренел чудотворната плаштеница со ликот на светителот[7] од неговиот „гроб“ во солунската базилика до манастирот Пантократор во Константинопол кој служел како гробно место на Комнините.[8]

Паралелно со овој процес кој се одвивал во Солун, Константинопол и Света Гора[9], набргу со силен интензитет, св. Димитриј станал еден од најпочитуваните светители-воини, заштитници меѓу јужните и источните словенските народи.[10] Неговиот култ воедно се проширил во западните земји, каде и покрај обидите, не го достигнал значајот кој го стекнал во Византија.[11]

Химнографската литература која ги прибрала и соопштила чудата и маките на св. Димитриј, воедно придонела тој да биде широко прифатен

haye, Les origines du culte des martyrs, Bureaux de la Société Bollandistes, Bruxelles, 1912, 263–264; J. Zeiller, Les origines chrétiennes dans les provinces danubiennes de l'empire Romain, ,L 'Erma' di Bretschneider, Roma, 1967, 81–83; M. Vickers, "Sirmium or Thessaloniki? A Critical Examination of the St. Demetrius Legend", Byzantinische Zeitschrift 67, 1974.; P. Lemerle, Les plus anciensrecueiles des miracles de saint Démétrius et la pénétration des Slaves dans les Balkans, T. II, Commentaire, Paris, 1981, 202; В. Поповић, Култ светог Димитрија Солунског у Сирмијуму и у Равени, у: Sirmium: град царева и мученика, ур. Д. Познановић, Сремска Митровица, 2003, 279–289; M.B. Panov, "The creation of the cult of St. Demetrius in Thessalonica: byzantine invention?", Гласник на Институтот за национална историја 52, 2008, 75-86; М. Јарак, Ranokršćanski mučenici Panonije, u: 1700 godina svetih srijemskih mučenika: Zbornik radova s međunarodnog simpozija o 1700. Obljetnici Sirmijsko-panonskih mučenika (304.-2004.), prir. D. Damjanović, Katolički bogoslovski fakultet u Đakovu, Sveučilište Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, 51–70, 62; D. Dimitrov, Đakovo, 2011, "Who executed st. Demetrius? An attempt at a forensic report", in: Serdica Edict (311 AD): concepts and realisationsof the idea of religious toleration, V. Vachkova (ed), D. Dimitrov, Sofia, 2014, 133–141.

7 V. Tăpkova-Zaimova, *Quelques representations iconographiques de Saint Demetrius et l'insurrection des Assenides – premiere scission dans son culte «oecumenique»*, BBg 5, 1978, p. 263–264; eadem, *Изображенията на св. Димитър Солунски и писмената димитриевска традиция*, ГСУ. НЦСВПИД 94 (13), 2004, p. 151.

8 A. Cutler, A.-M. Talbot, *Pantokrator Monastery in Constantinople*, [in:] *ODB*, vol. II, p. 1575.

9 Σ. Πασχαλίδης, Ο Άγιος Δημήτριος Στην Τέχνη Του Αγίου Όρους, Θεσσαλονίκη 2004.

10 D. Obolensky, *The Cult of St. Demetrius of Thessaloniki in the History of Byzantine-Slav Relations'*, Balkan Studies 15, 1974, pp. 3-22, reprinted, The Byzantine Inheritance of Eastern Europe IV, London, 1982. К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности,* 46-85.

11 E. Lapina, *Demetrius of Thessaloniki: Patron Saint of Crusaders*, Viator 40 (2), 2009, 93-112.

во христијанскиот свет и прославен за своите дела. Обемната разноврсна литература за животот и чудата на св. Димитриј е собрана во збирката θαύματα τοϋ Αγίου Δημητρίου или Miracula I-II. Првата книга е составена од страна на Јован, архиепископот на Солун, во периодот од 610 и 620 г. Втората книга од Чудата се претполага дека била објавена кон крајот на 7 век. И двете книги се исклучителен историски извор за времето на тешки искушенија на градот Солун кој бил во двегодишна опсада од страна на словенско-аварските племиња.[12] Чудата на свети Димитриј, примарно се собрани и објавени од страна на проф. Паул Емерле.[13]

Во хагиографската литература словенските преводи за св. Димитриј се содржат во три врсти списи: Маченништва (Passio), Чуда (Miracula) и Похвали (Laudatio)[14] За ширење на култот на св. Димитриј, на почвата на Македонија, придонела химнографската творба, Канонот на св. Димитриј Солунски, дело на св. Методиј.[15] Двајцата сесловенски просветители, св. Кирил (826/827–869) и Методиј (ca. 815–885) родум од Солунско, како го ширеле христијанството воедно го устоличиле и култот на св. Димитриј. Почитувањето на св. Димитриј продолжило и од учениците на св. Кирил и Методиј, преку св. Климент Охридски (умрен 916) кои ги создал Похвалното слово за св. Димитриј и две поученија за чествување на празникот[16].

Словенските преводи од грчки извори за маченииштвата, чудата и похвалите за св Димитриј ги собрал рускиот митрополит Макариј во XVI век во *Велики минеи четии.*[17]

Популарноста на култот на св. Димитриј во Македонија и Балканот во средновековието, како светец заштитник јасно се огледа во големиот број на храмови кој го носат неговиот печат.[18] Турбулентните времиња, во кои војските наизменично се менувале на власт во XIII-XIV век во Македонија, придонеле храмовите често да бидат титулирани со името на воениот заштитник св. Димитриј како што се примерите во Прилеп (1335), Велес (крај на 13 век), Скопје (Марко Манастир), Охрид (14 век), Злетово (околу 1380), Кочани (1337).

Иконографскиот развој на св. Димитриј, кој отпочнал да се претставува како маченик-воин облечен во патрициска облека со мал крст

---

[12] D. Obolensky, *The Cult of St. Demetrius of Thessaloniki, 5-6.*

[13] P. Lemerle, *Les plus anciens recueils des miracles de saint Démétrios et la pénétration des Slaves dans les Balkans,* I-II, Παρίσι 1978-1980. *Αγίου Δημητρίου θαύματα. Οι Συλλογές Αρχιεπισκόπου Ιωάννου καί Ανωνύμου. Ό βίος, τά θαύματα καίή Θεσσαλονίκη τοϋ Αγίου Δημητρίου* (εισαγωγή, σχόλια, επιμέλεια: Χαράλαμπος Μπακιρτζής, μτφρ. ‘Αλόη Σιδερή), Θεσσαλονίκη 1997, Δεύτερο μαρτυρολόγιο, κεφ. ζ’, σ. 40-41, όπου οι παραπομπές (στο εξής: *Θαύματα).*

[14] Ф. Баришић, *Чуда Димитрија Солунског као историски извори,* 17;

[15] С. Кожухаров, *Методиевият канон за св. Димитър Солунски* (нови данни за историята н текста). — Кирило-Методиевски студии, кн. 3, София, 1986, с. 73.

[16] Климент Охридски. Събрани съчинения. Т. 2. София, 1977, 788–794.

[17] Макарий митрополит, *Велики минеи четии*, октябрь, т. 6, Санкт Петерсбургъ 1880, col. 1872-1912;

[18] М. А. Пурковић, *Попис цркава у старој српској држави*, Скопље 1938, 21-22.



Сл. 4. Св. Димитриј го спасува Солун од глад, северен ѕид во припратата на црквата Св. Димитриј во Велес, детал

Fig. 4. *St. Demetrius saves the town of Thessalonica from the famine,* north wall of the narthex of the church of St. Demetrius in Veles, detail

во раката, во ранохристијанскиот период, прераснал во небесен заштитник на Солун и мироточец, сликан како свет воин во полна воена опрема, кој бил почитуван од највисоките византиски сталежи, па и самата династија на Палеолозите, како и многу пред нив, кои го сметале св. Димитриј како „царево оружје" против безбожните варвари.[19] Неговото ликовно преставување отпочнува како маченик кој постепено се трансформира во улогата на свет воин, заштитник и исцелител, сликан во портрет или исправен, на трон и како коњаник. Одделни сцени се јавуваат во IX век а во палеологовскиот период е оформен неговиот целосен житиен циклус. Се претпоставува дека циклусот посветен на патронот во базиликата Св. Димитриј во Солун, кој постоел сè до пожарот во 1917 г., претставувал темел за понатамошниот развој на сликаните житија.[20] Житијни циклуси во средновековниот период се сочувани во мал број наспроти неговите индивидуални претстави кој како многу почитуван заштитник се присутни во повеќето храмови.

И покрај големата популарност на свети Димитриј сочувани илустирани примери од неговиот Циклус се ретки. За сега преовладува мислењето дека најраниот пример од неговото житие било илустрирано во солунската базилика кое е уништено во пожарот од 1917 г., со што е оневозможено проучувањето на овој ран прототип (VII век).[21] Од засега, познати илустрирани житија на свети Димитриј, најстариот циклус е Теодоровиот псалтир од 1066 г. (Add. MS 19.352, fol. 125v) кој е сочуван во Британската библиотека.[22] Од овој период датира и Менологот на св.

[19] М. Марковић, *О иконографији светих ратника у источнохришћанској уметности и о представама ових светитеља у Дечанима*. У: В.Ј. Ђурић (ур.), Зидно сликарство манастира Дечана: Грађа и студије (567–630). Београд 1995.

[20] Ch. Walter, *The Warrior Saints in Byzantine Art and Tradition,* Burlington 2003, 170. (со литература)

[21] A. Ξυγγόπουλος, *Ο εικονογραφικός κύκλος της ζωής του αγίυο Δημητρίου*, Θεσσαλονίκη, 1977.

[22] S. Der Nersessian, *L'illustration des psautiers grecs du Moyen Age*. II. Londres, Add. 19.352. Paris: Éditions, 1970, 94, таб. 74, сл. 204; Ch. Walter, *St. Demetrius: the Myro-*

Василиј II (ок. 1000 г., Vat. gr. 1613) минијатурата во која е илустрирана Смртта на св. Димитриј, каде маченикот стои простум, на своите две нозе, и се соучува со војникот/егзекуторот кој во рацете држи долго копје со кое го прободува светителот. Житието на свети Димитриј е илустрирано и во Менологот наречен по неговиот нарачател, деспотот Димитриј Палеолог од оксфордската библиотека (Bodleian Library, Oxford, MS. *Gr. th. f. 1*, fol. 54v–55r;),[23] во кој се одбележани шест сцени од неговите страдања и една одвоена за самиот светител (св. Димитриј пред императорот, св. Димитриј го благословува Нестор во затворот, Борбата на Нестор со Лиј, Смртта на Нестор, Смртта на св. Димитриј, Успението на св. Димитриј).[24] Се смета дека бил насликан околу 1330-1335 во некоја од цариградските работилници.[25] Во овој ран период, поединечни сцени од животот и чудата на Свети Димитриј можело да се најдат на реликвијари, меѓу кои се истакнува сребрениот реликвијар од манастирот Ватопед кој содржи седум сцени од житито на светителот.[26]

Култот на свети Димитрија рано се проширил и во граничните словенски области како што е примерот со подигањето на црква во негово име во Трново (1185), од страна на бугарските бољари и подоцна цареви Асен и Петар, кои според легендата, паѓањето на Солун во рацете на Норманите во 1185 г. го сметале како откажување на покровителството од свети Димитриј на Солун, со што било овозможено светителот да пријде кон бугарите и да ги подржи во нивната борба против ромеите.[27] Популарноста на светиелот се користела и во меѓусебните дипломатски односи на Византија и Русија, со што овие односи, биле воспоставени/втемелени, со актот на дарување на две високопочитувани реликвии од страна на императорот Мануил I, даска од гробот на св. великомаченикот

*blytos of Thessalonika*. Eastern Church Review, 5, 1973, 172; Ch. Walter, *The Warrior Saints in Byzantine Art and Tradition,* Burlington 2003, 85; I. Hutter, *Der despotes Demetrios Palaiologos* und sein “Bildmenologion” in Oxford. *JÖB*, (2007), 57, 183–217. doi:10.1553/joeb57, 207, н. 102

23 Cod. Gr. Th. F. I, fol. 54 v. — 55. Sm.: H. Belting, *Das illuminierte Buch in der spatbyzantinischen Gesellschaft*, Heidelberg 1970, Fig. 28.

24 A. Ξυγγόπουλος, *Ο είκογραφικός κύκλος της ζωής τοϋ άγίου Δημητρίου,* Θεσσαλονίκη 1970, 16–34, таб. I–III; Ch. Walter, *St. Demetrius: the Myroblytos of Thessalonika*. Eastern Church Review, 5, 1973, 167, 170, 172, 178, сл. 13; I. Hutter, (1978). *Corpus der byzantinischen Miniaturenhandschriften*. II. Oxford Bodleian Library, II. – Anton Hiersemann, Stuttgart 1978, 1, 32–33, 115, сл. 102–103; Ch. Walter, *The Warrior Saints in Byzantine Art and Tradition,* Burlington 2003, 82, н. 59, 85–86; I. Hutter, *Der despotes Demetrios Palaiologos* und sein “Bildmenologion” in Oxford. *JÖB*, (2007), стр. 183–217.

25 I. Hutter, *Der despotes Demetrios Palaiologos* und sein “Bildmenologion” in Oxford, 203–210

26 P. Lemerle, *Note sur les plus anciennes représentations de Saint Démetrius*, ΔΧΑΕ, 10, 1981; A. Grabar, *Quelques reliquaires de saint Démétrios et le martyrium du saint à Salonique,* DOP, 5, 1950, 3–5; Id., DOP 8, 1954, 307–311; C. Walter, *Studies in Byzantine Iconography,* London, 1977; H. Delehaye, *Les légendes grecques de Saints militaires*, Volumes 12-20, Paris 1909.

27 И. Дуичев, *Проучвания върху Българското средновековие, IX, Въстанието на Асеновци и култът на св. Димитър Солунски.* — СбБАН, кн. 41, 1, 1945, с. 47.

Димитриј Солунски (Миниатюра Радзивиловской летописи. XIII (XV) в. Библиотека Российской академии наук (Санкт-Петербург, Россия) и кошула на светителот, пренесени во јануари 1197 г. од Солун во новоизградениот храм св. Димитриј (Дмитриски собор) во древноруските град Владимир на реката Кљазма, подигната од кнезот Димитриј Всеволод III.[28]

Неодамнешните истражувања донесоа новини од источните граници на православието каде се позиционира засега најстарото познато илустрирано житие на свети Димитриј во ѕидното сликарство. Циклус, во кој се илустрирани шест епизоди од животот на светителот, е неодамна идентификуван во малата капела посветена на св. Димитриј, во манастирот Додорка, од пустината Давид Гареџа во Грузија. Капелата, исклесана во стена, датира од доцниот дванаесети – ран тринаесети век, и е наречена „монументален реликвијар" поради претпоставката дека била наменета за сместување на светителовите реликвии.[29] Ова мислење се поврзува со иконографските особености кои немаат своја подлога во циклусите на св. Димитриј. Имено, се работи за приказот на смарагднозелената хламида, поставена во прв план, во сцената на маченииштвото на св. Димитриј, со што е истакната чудотворната реликвија, чиј нејзин дел, бил најверојатно пренесен на чување во ова светилиште.

Хронолошки следат спомениците од Пелопонез, каде во црквата на Свети Сергиј и Вакхо (Свети Георгиј) во Кити, Мани (ок. 1262-1285), на сводот на југозападниот травеј само една фреска е добро сочувана, додека останатите три имаат спорна идентификација.[30] Следниот пелопонески споменик, митрополитската црквата Св. Димитриј во Мистра (ок. 1270-1285), содржи десет добро сочувани сцени од вкупно единаесет од циклусот насликан на сводот и горниот дел од северниот зид.[31] Понатака следи жититето на свети Димитриј, во нему посветената црква во Крокеја (Лаконија) од 1286 г., каде од шест сцени се распознаваат само две.[32] Доста оштетени, но сепак видливи се и четирите сцени од циклусот на

---

[28] Э.С. Смирнова, *Храмовая икона Дмитриевского собора. Святость солунской базилики во владимирском храме*, [in:] *Дмитриевский собор. К 800-летию памятника*, Москва 1997, p. 220–253; И.А. Стерлигова, *Византийский мощевик Димитрия Солунского из Московского Кремля и его судьба в Древней Руси*, [in:] Дмитриевский собор: К 800-летию памятника. М., 1997, 266–267.

[29] Marina Bulia, *Reliquary-chapel of Saint Demetrios at the Davitgareji Desert*, ЗОГРАФ 44 (2020), 79–100.

[30] Ν. Β. Δρανδάκης, Σ. Καλοπίση, Μ. Παναγιωτίδη, Έρευνα στη Μάνη. Πρακτικά της εν Αθήναις Αρχαιολογικής Εταιρείας, (1979) 180–181, 185–186, сл. 126а.

[31] G. Millet, *Monuments byzantins de Mistra*, Paris 1910, таб. 45, сл. 1, таб. 68, сл. 2–3, таб. 69, сл. 1–4, таб. 70, сл. 1–4; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 127–144; Μ. Χατζηδακησ, Νεώτερα για την ιστορία και την τέχνη της Μητρόπολης του Μυστρά (πίν. 37–60). ΔΧΑΕ, 9, (1979), 162–163, сл. 51α–β, 52 α–β; Ch. Walter, *The Warrior Saints in Byzantine Art and Tradition,* Burlington, 2003, 86; I. Hutter, *Der despotes Demetrios Palaiologos und sein "Bildmenologion"in Oxford*, JÖB, 57, 2007, 208, н. 103.

[32] Κ. Διαμαντή, Οι τοιχογραφίες του Αγίου Δημητρίου (1286) στις Κροκεές της Λακωνίας και το εργαστήριο του ανώνυμου ζωγράφου. Συμβολή στη μελέτη τηςπρώιμης παλαιολόγειας ζωγραφικής στη Λακωνία. Αθήνα: Υπουργείο Παιδείαςκαι Θρησκευμάτων, 2012, 113–114, сл. 17α/μ)



Сл. 5. Јавувањето на св. Димитрија на сон на морнарот, циклус на св. Димитрија во Манастирот Дечани

Fig. 5. *St. Demetrius appears to the sailor in a dream*, cycle of St. Demetrius in the Monastery of Dechani

светителот од црквата Свети Илија во Таламес (крај на 13 век или околу 1300 г.).[33] Под силно западно влијание се смета дека било насликано сликарството во црквата Св. Димитриј во село Ливада (1315/16)[34] за време на венецијанското владење на Крит, каде од трите сцени посветени на патронот, во Страдањето на св. Димитриј, светителот е паднат на колена и прима удар со копје од војник кој носи оклоп со западни одличја.

Во монументалното сликарство од средновековниот српски период циклуси на свети Димитриј се сочувани во капелата посветена на св. Димитриј во призренската катедрала Богородица Љевишка (1309-13) каде од четири вкупно, три се сочувани со озбилни оштетувања[35]. Следат циклусите во наосот на параклисот св. Димитриј во Печ (1322-1324) со шест сцени[36] и најопширниот сочуван циклус во византискиот свет, со дванасет епизоди во црквата св. Димитриј во Дечани (1335-1348).[37]

---

33 N. Kontogiannis, S. Germanidou, *The Iconographic Program of the Prophet Elijah Church, in Thalames, Greece*, BZ 101/1 (2008) 69–73, таб. 14–17.

34 Δ. Τσουγκαράκης, Ο ζωγράφος της εκκλησίας του Αγ. Δημητρίου στο Λειβαδά Σελίνου. *Ιόνιος Λόγος*, τ. Α΄ (295–301). Κερκυρα (2007): *Επιστημονική περιοδική έκδοση, Τμήμα Ιστορίας – Ιόνιο Πανεπιστήμιο*.

35 К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности,* 119–127; Д. Панић, и Г. Бабић, *Богородица Љевишка*, Београд (1975), 136–137, црт. 29; Б. Живковић, *Богородица Љевишка. Цртежи фресака*, Београд 1991, црт. 61–63; Б. Тодић, *Српско сликарство у доба краља Милутина, Београд* 1998, 79, 177, 186, 314; I. Hutter, *Der despotes Demetrios Palaiologos und sein "Bildmenologion"* in Oxford. *JÖB*, 57 2007, 209, н. 106)

36 Г. Суботић, *Црква Светог Димитрија у Пећкој патријаршији*, Београд 1964, 46–51.

37 В. Петковић, и Ђ. Бошковић, *Манастир Дечани, I–II.* Београд 1941, 58–59, 69–70, таб. CCLXXII, CCLXXXVI, CCXCV–CCCI; Ch. Walter, St. Demetrius: the Myroblytos of Thessalonika. Eastern Church Review, 5, 1973, 170; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 157–182; Ј. Радовановић, *Иконографија живота и чуда св. Димитрија на фрескама манастира Дечана*. У: Р. Самарџић (ур.), Иконографска истраживања српског сликарства XIII и XIV века, Београд 1988, 117–125; С. Пајић, *Циклус св. Димитрија у северном параклису Дечана,* in: *Зидно сликарство манастира Дечана. Грађа и студије,* ed. В. J. Ђурић, Београд 1995, 353-360., сл. 1–5; Б. Тодић, и М. Чанак-Медић, *Манастир Дечани*. Београд 2005, 404–407, сл. 324–327; I. Hutter, *Der despotes Demetrios Palaiologos* und sein "Bildmenologion" in Oxford, *JÖB*, (2007), 57, 208–209, н. 106–107)



Сл. 6. Св. Димитриј го спасува Солун од глад, циклус на св. Димитрија во хиландарскиот параклис Свети Димитрија

Fig. 6. *St. Demetrius saves the town of Thessalonica from the famine*, cycle of St. Demetrius in the Hilandar`s chapel of St. Demetrius



Сл. 7. *Св. Димитриј го спасува Солун од глад,* иконата на св. Димитриј со неговото опширно житие од 12 сцени, од црквата Св. Георги од Аполонија, Фиер (Албанија), дело на зографот Јован Четири од XVIII век

Fig. 7. *St. Demetrius saves the town of Thessalonica from the famine,* icon of St. Demetrius with his extensive biography (*life*) composed of 12 scenes from the Church of St. George in Apolonia, Fier (Albania), artistic work of the zograph John Chetiri (Chetirevic Grabovan)

Рани фрагменти од циклусот на св. Димитриј се сочувани во јужниот параклис на манастирот Милешево (ок. 1237. или 1238. г).[38] и во приземната зона на олтарната апсида во приморската црква Св. Стефан во Дуљево, блиску до Будва (ок. 1340)[39]

Од средновековниот период во Бугарија суштествува фрагмент од икона (НХГ 590; стар инв. № опис 23, пор. № 283 на АИМ № 1477; 91/27/2, 4), од средината на 14 век, каде во долната половина се сочувани четири житијни сцени посветени на св. Димитар.[40]

---

[38] И. Филиповић, Б. Стевановић, *Фрагменти циклуса светих ратника у параклисима манастира Милешеве*, ЗОГРАФ 46 (2022), 65-68.

[39] Д. Војводић, *Прилог проучавању цркве Светог Стефана у манастиру Дуљеву*, Саопштења 39 (2007) 93, 95, сл. 12, 96, 98.

[40] G. Gerov, *Une oeuvre inconnue du XIV siècle: icône de saint Demetrios avec son cycle hagiographique,* Scripta &e-Scripta, София, 2004, 2, 143–155. За популарноста на култот и развојот на иконографијата на св. Димитриј во Бугарија повеќе кај: Р. Русева, *Образът на св. Димитър в българското изкуство* (The Image of St Demetrius in Bulgarian Art) В: История, култура, медии. Юбилеен сборник в чест на Горан Благоев,

Треба да се напомене дека во овој период, освен житијни циклуси посветени на св. Димитриј, се сликаат и одделни сцени во рамките на календарските циклуси и друг тип теми како што се примерите во црквата Св. Апостоли во Солун (прва четвртина на 14 век)[41] и Грачаница (1318-1312).

На територијата на Македонија во средновековниот период досега бил познат единствено циклусот во црквата св. Димитриј на Марковиот манастир, блиску до Скопје (1376/77), каде во највисоките зони на припратата сочувани се пет и фрагменти од шестата сцена, додека една е непрепознатлива од оштетувањата.[42]

Единствената житијна икона на св. Димитриј, од поствизантискиот период (1641 г.), е депонирана во галеријата на икони на Музејот на Македонија на која од тринаесете сцени се сочувани: Димитрија го благословува Нестор пред да оди во арената; Нестор се советува со Димитрија; Димитрија на коњ пред царот Максимијан; Мачењето на св. Димитрија со камшикување; Димитрија се моли пред ѕидините на градот; Нестор пред царот Максимијан; Борбата меѓу Нестор и Лиј и победата над Лиј.[43] Во оваа насока, овде ќе се задржиме на новите откритија во манастирот посветен на Св. Димитриј во Велес, и појавата на уште еден непознат циклус посветен на св. Димитриј, од крајот на XIII век.

Циклусот посветен на Св. Димитриј се протега во највисоката трета зона, во закривениот простор на полукружниот свод во припратата на црквата Св. Димитрија во Велес. Од циклусот сочувани се само три сцени, одвоени со црвена лента, две на северниот ѕид - *св. Димитриј го спасува Солун од глад* и *св. Димитриј го убива царот Калојан* и третата *Маченичката смрт на св. Димитриј*, сместена во полукружниот простор формиран од лакот на сводот на западниот ѕид. Сцените сè со видни оштетувања који ја отежнуваат целосната идентификација. (**Сл. 2**)

На северниот ѕид (З-И) првата сцена може да се идентификува како *св. Димитриј го спасува Солун од глад*. (**Сл. 3**) Се работи за чудото на светителот (Miracula S. Demetri I 8), во кое е опишано времето кога настапила голема глад, непосредно после аварско-словенската опсада на градот Солун (по 586 г.), а била завршена благодарејќи на интервенцијата од св. Димитриј кој му се јавил во сон на трговецот со жито по име Стефан, кој бил на пат за Константинопол, и му наложил да го преусмери својот брод кон Солун. Овој прв брод бил спасоносен бидејќи после него следеле и други трговски бродови кои дотогаш не приоѓале кон градот Солун мислеќи дека е освоен од опсадувачите.[44]

---

София, 2017, 31-50.

[41] Ξυγγόπουλος, Α. Τοιχογραφία του μαρτιρίου του αγίου Δημιτρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσελονίκης, ΔΧΑΕ, Δ, τ. Η, 1975–1976.

[42] К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 182–191; Б. Видоеска, *Марков манастир, Свети Димитрије: цртежи на фрески*. НУ Конзерваторски центар, Скопје 2012, црт. на стр. 34–36, 40; М. Томић Ђурић, *Фреске Марковог манастира*, САНУ, Београд 2019, 341–347, сл. 162–166, црт. 5 на стр. 528–529.

[43] В. Поповска-Коробар, *Икони од Музејот на Македонија*, Скопје 2004, кат. 92.

[44] Migne, PG, t. CXVI col. 1252-1257, 1260-1261; Макарий митрополит, *Велики*

На левата половина од сцената е прикажан усидрениот кораб во Солунското пристаниште, несразмерно мал, во кој се сместени крупните допојасја на двајца морнари кои се поставени на двата краја од палубата помеѓу разапнати едра меѓу нив. На десната половина од сцената насликан е моментот кога трговецот ја прима надокнадата од двата свештенодостојници за помошта во жито кое го допремил за градот Солун. (**Сл. 4**) Тој е облечен во зелен капут/наметка со долги ракави кој висат слободно и карактеристична венецијанска/млетачка капа со широк обод која одназад длабоко се спушта. Тој со двете испружени раце, облечени во златно декорирано руво кои излегуваат директно под наметката, го прима кесето со пари, богатата надокнадата која му била ветена од св. Димитриј ако го донесе житото во Солун. Според ветувањето од светителот добродојдената помош богато ја даруваат две високосвештени лица. Првиот од нив, со долга шилеста брада, е насликан во свечана архиерејска одежда, окер стихар, цинобер фелон, зелен омофор и кафен епитрахил, додека на главата носи затворена митра и ореол. Овие својства упатуваат на можна слика на самиот архиепископот Јован I Солунски (почеток на VII век), кој бил составувач на најраниот зборник *Прва книга на чудата на св. Димитриј* во кои се сведочи за аварско-словенските напади на Солун и улогата на св. Димитриј во неговото чудовишно спасувањето.[45] Зад него пристапува второто свештено лица со долга седа брада и со полукружна капа на главата облечен во архиерејска одежда.

За разлика од примерот од Велес, во сцената *св. Димитриј го спасува Солун од глад,* во Дечани се илустрира епизодата *Јавувањето на св. Димитрија на сон на морнарот,* (**Сл. 5**) со цел да го преусмери бродот со жито кон Солун за што ќе биде богато награден, е претставена во најопширнијот сочуван средновековен циклус посветен на св. Димитрија илустриран во северниот параклис на манастирот.[46]

Друг пример на оваа сцена, во средновековниот период, не е сочуван а блиско решение на сцената, *св. Димитриј го спасува Солун од глад* од Велес, е насликана во поствизантискиот период, во хиландарскиот параклис од 1779 г., кој ја носи посветата на светителот.[47] Тука, како и во Велес, е

---

*минеи четии*, октябрь, т. 6, Санкт Петерсбургъ 1880, стлб. 1905-1906, 1943.; Ф. Баришић, *Чуда Димитрија Солунског као историски извори,* Београд 1953, 41-43, 70.

[45] Migne, PG, 116, col. 1296–1297; Paul Lemerle, *Les plus anciens recueils des Miracles de saint Démétrius,* Vol. 1: Le texte (Paris, 1979), I. 12.112.

[46] В. Р. Петковић, Ђ. Бошковић, *Манастир Дечани II*, Београд 1941, 58, таб. CCXCVII. С. Пајић, *Циклус св. Димитрија у северном параклису Дечана*, in Зидно сликарство манастира Дечана. Грађа и студије, ed. В. Ј. Ђурић, Београд 1995, 357. Делијанис, К. (1973). *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 170-171. Ј. Радовановић, *Иконографија живота и чуда св. Димитрија на фрескама манастира Дечана*. У: Р. Самарџић (ур.), Иконографска истраживања српског сликарства XIII и XIV века (117–125). Београд: САНУ (1988), 122. Ова решение е предложено и во Ерминијата на Дичо Зограф в.: Асен Василиев, *Ерминии. Технология и иконография*, София 1976, 127.

[47] З. Ракић, *Циклус патрона у хиландарском параклису Светог Димитрија*, у: Осам векова Хиландара – историја, духовни живот, књижевност, уметност и архитектура, Београд 2000, 581, сл. 7. Истиот, *Црква Св. Димитрија у Хиландару*, у:



Сл. 8. Св. Димитриј го убива царот Калојан, северен ѕид во припратата на црквата Св. Димитриј во Велес (цртеж Јехона Спахију Јанчевска)

Fig. 8. *St. Demetrius slaying the tsar Kaloyan,* north wall of the narthex of the Church of St. Demetrius in Veles (Drawing made by dr. Jehona Spahiu Janchevska)



прикажана епизодата кога во пристаништето во Солун се прима помошта донесена од страна на трговецот со жито. (**Сл. 6**) На левата страна од сцената, товарот го изнесуваат двајца момоци натоварени со врзани вреќи жито на грбот. На десната страна од сцената, во закотвениот брод во пристаништето, трговецот од палубата на коработ, ја прима наградата/кесе пари од страна на двајца имотни граѓани на Солун кој стојат на докот. Во далечината на пучината насликана е силуета која лебди на површината помеѓу два брода која асоцира на симултано раскажување на првата епизода *Јавувањето на св. Димитрија на сон на морнарот.*

Поединечно прикажување на обете сцени од чудото *св. Димитриј го спасува Солун од глад* може да видиме на иконата св. Димитриј со неговото опширно житие од 12 сцени, од црквата Св. Георги од Аполонија, Фиер (Албанија), дело на зографот Јован Четири од XVIII век.[48] (**Сл. 7**) *Чудото св. Димитриј го спасува Солун од глад* било илустрирано на Света Гора,

Трећа казивања о Светој Гори, Београд 2000, 227-264. Истиот, *Цркве Св. Димитрија и Св. Саве Српског у Хиландару,* Нови Сад 2008, 43.

[48] Percorsi del Sacro, Icone dai musei albanesi, Calerie di Palazzo Leoni Montanari, Vicenza 2002, cat. 17, 68-71. Y. Drishti, A. Llukani, *Arti I ikonografisë në Shqipëri*, Akademia e Shkencave e Shqipërisë, Tiranë 2021, cat 107, 167. Со повеќе примери на житијни икони на св. Димитриј во Русија со нови теми, каде меѓу нив, на иконата од првата половина на XVIII век, од градот Галича блиску до Костром (Костромская икона XII-XIX веков, Москва 2004, кат. 203, табл. 312), се јавува сцената *Кораб со жито го преминува Дунав, спасувајќи го Солун* в.: Э. Смирнова, *Иконография жития св. Димитрия Солунского: её обновление в русской иконописи конца XVII-начала XVIII века*, ЗРВИ 44 (2007), 618-619.

во примери на икони од 19 век, како што се иконата од Мони Филатеу со читиринаесет сцени – кат.64 (1800 г.) и од Мони Каракалу со три сцени – кат.73 (1857).[49]

Втората сцена, од житијниот циклус, кој тече на северниот ѕид во припратата на црквата св. Димитриј во Велес е *св. Димитриј го убива царот Калојан.* (**Сл. 8**) На левата страна од сцената е прикажан светителот кој јава впрегнат бел коњ, а во десната рака држи копје со кое замавнува кон непријателот. Прикажан е како младич со кратка коса и ореол на главата. Облечен е во воена опрема (кожен панцир) и наметка завиорена на грбот. Коњот е во силен исчекор во задните нозе, со опаш врзан во јазол на средината. Од предницата на коњот се гледа како е впрегнат со узди но предните екстремитети и десната страна од сцената е целосно оштетена со што оневозможено да се види целосната композиција. Според начинот на кој е поставен светителот, во акт на силен напад, со впрегнатиот коњ и потегнатото долго копје може да се претпостави дека се работи за сцената *св. Димитриј го убива царот Калојан.*

Чудото се однесува на случувањата поврзани од 1207 г. поврзани со бугарскиот цар Калојан, од византијците наречен погрдно Скилојан, кој користејќи ја ситуацијата во која латините го држеле Цариград, тој со својата војска длабоко навлегол во Тракија и Македонија и дошол до тврдините на Солун. Заштитникот на Солун, великомаченикот св. Димитриј, не дозволил намерата на Калојан да се оствари, да го разори и опустоши градот. Светителот, уште пред да биде извадено оружјето и фрлени стрелите, го пречекал Калојан пред тврдините на градот, го удрил силно со неговото страшно копје и наместо го усмртил. На овој начин св. Димитриј го сочувал неповреден градот а непријателот се повлекол понесувајќи го со себе телото на царот.[50]

Најстара позната сцена од *св. Димитриј го убива царот Калојан* е илустрирана во зидното сликарство во нему посветената црква во Крокеја (Лаконија) од 1286 г.[51]

Понатака, во средновековниот период, оваа сцена е насликана во Дечани (1335–1348) во која св. Димитриј јавајќи на коњ го прободува царот Калојан од Загора кој истотака јава на коњ но прикажан во видно смалени димензии во споредба со светителот.[52] Овој концепт е задржан и

[49] Σ. Πασχαλίδης, Ο Άγιος Δημήτριος Στην Τέχνη Του Αγίου Όρους, Θεσσαλονίκη 2005, 123, 132.

[50] *Велики минеи четии*, стлб. 1901-1902.

[51] Κ. Διαμαντή, Οι τοιχογραφίες του Αγίου Δημητρίου (1286) στις Κροκεές της Λακωνίας και το εργαστήριο του ανώνυμου ζωγράφου. Συμβολή στη μελέτη τηςπρώιμης παλαιολόγειας ζωγραφικής στη Λακωνία. Αθήνα: Υπουργείο Παιδείαςκαι Θρησκευμάτων, 2012, 113–114, сл. 17α/μ)

[52] Ј. Радовановић, *Иконографија живота и чуда св. Димитрија на фрескама манастира Дечана*. У: Р. Самарџић (ур.), Иконографска истраживања српског сликарства XIII и XIV века, САНУ, Београд 1988, 124.

на призренската икона *Св. Димитриј го убива царот Калојан* од црквата Св. Ѓорѓи во Призрен е од крајот на XIII век (со можно датирање помеѓу 1276 и 1282 г.).[53]

Оваа случка имала и друго сиже, кое се заснова на збирката на чудата од современикот хартофилаксот на солунската митрополија Јован Ставракије (втора половина на 13 век), во кое св. Димитриј го пробол царот Калојан додека тој спиел во својот шатор во логорот поставен за опсадата на градот Солун.[54] Според хронографот Георгиј Акрополит, Калојан добил пневмониа и неславно умира.[55] Византијците, особено Ставракиј, сепак инистирале дека неговата смрт се должи на Божјата правда преточена преку спасоносниот акт на св. Димитриј против агресорот.[56] Во старата српска книжевност оваа случај прв пат се споменува во XIII век во делото на монахот Теодосиј Животот на Свети Сава.[57] Словенскиот превод на чудата од Ставракиј е направен 1479 г., а пример од оваа сцена е илустриран во хиландарскиот параклис посветен на св. Димитриј од 1779 г.[58]

Во поствизантискиот период сцената *св. Димитриј го убива царот Калојан* повремено се слика во монументалното сликарство но во иконописот тоа ќе биде редовна и неизоставена тема, со тоа што царот Калојан нема повеќе да биде именуван, а прободениот воин под нозете на коњот од страна на копјето на св. Димитриј, постепено ќе биде заменет со општата идеја за победа над антихристот.[59] Еден од ретките примери во кој паднатиот воин од страна на св. Димитриј е означен како цар Скилојан (грчкото погрдно име за царот Калојан) се среќава на фасадата во манастирот Драгалевци во Бугарија (1476 г.).[60] Друг ваков редок пример од ѕидното сликарство, каде паднатиот воин е означен со погрдниот збор Скилојан, е илустриран во нартекстот на манастирската црква Архангел Михаил (XVII век) во Тари на остров Родос.[61]

---

[53] Р. Д. Петровић, *Свети Димитрије пробада бугарског цара калојана на коњу и спасава град Солун у српској уметности*, Ниш и Византија, Зборник радова I, (Ниш 2003), 217-233.

[54] Поопширно за смртта на Калојан според Ставракиј, в.: A. Ξυγγόπουλος, *Ὁ εἰκογραφικός κύκλος της ζωής τοϋ άγίου Δημητρίου,* Θεσσαλονίκη 1970, 43-44. D. Obolensky, *The Cult of St. Demetrius of Thessaloniki in the History of Byzantine-Slav Relations', 19-20.*

[55] И покрај историските податоци дека Калојан бил убиен од еден друг бугарски војводата во хагиографската литература и понатака се тврдело дека тоа било дело на светиот заштитник на Солун св. Димитриј. За ова прашање види повеќе кај: Ch. Walter, *The Warrior Saints in Byzantine Art and Tradition,* Burlington, 2003, 88, ф.77.

[56] Ι. Ιβηρίτης, Ιωάννου Σταυρακίου λόγος είς τὰ θαύματα τοῦ ʻΑγίου Δημητρίου, Μακεδονικά, I, 1940, pp. 371-372.

[57] *Живот светог Саве*, Старе српске биографије, превео М. Башић, Београд 1924, 126-127.

[58] З. Ракић, *Циклус патрона у хиландарском параклису Светог Димитрија*, 582, сл. 10.

[59] D. Obolensky, *The Cult of St. Demetrius of Thessaloniki in the History of Byzantine-Slav Relations'*, Balkan Studies 15, 1974, 3-22.

[60] Г. Суботић, *Охридска сликарска школа XV века*, Белград 1980, 129-30, 132-3, црт. 101.

[61] Р. Русева, *Образът на св. Димитър в българското изкуство* (The Image of



Сл. 9. Маченичката смрт на св. Димитриј, северен ѕид во припратата на црквата Св. Димитриј во Велес

Fig. 9. *Martyrdom of St. Demetrius,* north wall of the narthex of the church of St. Demetrius in Veles

Од овој тип на сцени каде стрикно не е именуван паднатиот воин, но според легендата, во поствизантискиот период продолжува и понатаму да се препознава како *св. Димитриј го убива царот Калојан* е илустриран на фасада Св. Спас, Кучевиште (ок. 1560 и 1565 г.)[62] и во првата зона на јужниот ѕид во наосот на црквата Св. Петка во Селник (XVII век).[63]

Во иконописот, посебно во поствизантискиот период со доаѓањето на османлиската власт на Балканот, сцената св. Димитриј го убива Калојан редовно се слика со тоа што царот Калојан е заменет со паднат безимен воин, често со карактеристични ориентални физиономски црти со нагласени мустаќи и јаничарска воена облека,[64] со што св. Димитриј се појавува како екуменски борец за христијанската кауза против иноверната власт.

Во таа насока на потврда на вистинската вера и победата на христијанството врз неверието е житијната икона на св. Димитар (1729 г.) од Бобошевскиот манастир каде на централното пано е претставен светителот како под нозете гази шкорпион (М. Колушева, *Патронната икона на св. Димитър от Бобошевския манастир*, Проблеми на искуството 1/2012, 32-40)

St Demetrius in Bulgarian Art) В: История, култура, медии. Юбилеен сборник в чест на Горан Благоев, София, 2017, 41.

62 В. Поповска-Коробар, *Атрибуција фресака на јужној фасади Ваведења (Св. Спаса) у Кучевишту*, Саопштења XLI, Београд 2009, 138-140, сл. 2; Истата, *Зографи од кругот на Јован теодоров од грамоста околу средината на XVI век*, На траговима Војислава Ј. Ђурића, Одељење историјских наука, књ. CXXXV, Научни скупови књ. 33, Београд 2011, 321;) Опширно за темата и иконографијата кај Г. Суботиħ, *Из историје сликарства у скопском крају у време турске власти (I)*, ЗРВИ XXXVIII (1999/2000), 435-439, со опширна литература.

63 М. М. Машниќ, *Црквата Света Петка во Селник и нејзините паралели со сликарството на Алинскиот манастир Свети Спас*, Културно наследство, 17-18/1990-91, Скопје 1994, 101-112.

64 А. Серафимова*, Османлиски социо-историски рефлексии: претстави на Турци во поствизантиското сликарство во Македонија*, *PATRIMONIUM.MK,* 4/9 (2011), 203-212.

Во иконописот најпопуларната сцена *св. Димитриј го убива царот Калојан,* која се слика редовно, во поствизантискиот период и подоцна во 19 век, доаѓа до мултиплицирање на две или повеќе сцени во една композиција како што е примерот со иконата св. Димитриј од црквата Св. Никола од Москополе (1725) дело на јеромонахот Константин,[65] каде се обединети сцените св. Димитриј го спасува Солун од глад, св. Димитриј го убива царот Калојан и Спасувањето на грабнатиот духовник Кипријан .

Третата сцена од циклусот, сместена во полукружниот простор формиран од лакот на сводот на западниот ѕид, е посветена на *Маченичката смрт на св. Димитриј*. (**Сл. 9**) И оваа сцена претрпела сериозни оштетувања, во темето од лакот која го опфатила и ликот на светителот и неговата подигната шака и воедно целиот десен агол, што остава простор за извесни недумици како на пример дали во сцената земаат учество неговиот слуга Луп, кој вообичано се слика позади светителот и евентуално ангелот кој од сегмент на небо приоѓа да му ја принесе круната на главата на светителот за неговите претрпени маченишта. Имено, на сцената е прикажана мачениката смрт на светителот во моментот кога група војници со долги копја го прободуваат св. Димитриј по налог на царот Максимијан кој за смртта на неговиот истакнат борец Лиј, од страна на Нестор кој го имал светителовиот благослов, го окривил св. Димитриј и наредил извршувањето на смртната казна да биде извршена во просториите на јавното купатило каде што бил затворен (Migne, PG, 1846, vol. 116, col. 1172, 1180, 1197).

На левата страна од сцената насликани се војниците, во полна воена опрема и со долги копја во рацете, со кои го извршуваат убиството. Бројот на војниците, според копјата се шест на број, но поради оштетувањата со сигурност се нотираат само двата воини поставени во предниот план, додека останатите се групирани позади нив. Во десната половина на сцената насликан е св. Димитриј седнат на дрвена клупа без наслон. Светителот е удобно сместен на црвен јастук поставен на клупата и супеданеум под нозете, е облечен во темноцрвена хаљина над која носи зелена наметка која воедно му ги покрива нозете. На градите наметката е дополнително врзан во таканаречен хераклов јазол.[66] Левата рака му е потпрена на ногата а десната е карактеристично високо кренатa како би го примил ударот од долгите војнички копја. Овој став на св. Димитриј, бил споредуван со прободувањето Христово со копје, на истото место под бедрото кога бил маченички распнат на крстот.[67] Сцената се одвива пред

65 E. Drakopoulou, *Icons from the Orthodox Communities of Albania*, Thessaloniki 2006, cat. 43, 128-131.

66 Појасот со карактеристичниот хераклов јазол бил еден од деталите сликани кај светите воини од македонската епоха, кој со времето исчезнува и се јавува исклучиво кај класично образованите мајстори. Како редок пример се среќава во сликарството на 13 и 14 век во Богородица Перивлепта во Охрид или во св. Никола Орфанос од Солун, в.; М. Марковић, *О иконографији светих ратника у источнохришћанској уметности*, 598-599.

67 Α. Ξυγγόπουλος, *Βυζαντινόν κιβωτίδιον μετά παραστάσεων έκ του βίου του αγίου*

централно поставена тесна и висока градба со два кружни столба што не соодвестува со познатите извори во кои се вели светителот е погубен во истите одаи во кој бил затворен, а во случајот се мисли на солунските бањи.

Може да се примети дека на опремата на војниците зографот посветил посебно внимание. Нивната воена опрема се состои од кратка зелена туника и кожен панцир врз која носат еден вид на метални крлушести (мрежести) панцири со кои се заштититува целото тело. Металниот панцир се навлекува над долната облека во два дела како завршна заштита. Горниот дел од панцирот вклучува капуљача преку која се става шлем на главата и нараквици на рацете, а долниот дел се еден вид панталони/ногавици кои се навлекувале преку обувките на нозете (како во Мистра).[68] Над нив носат долги наметки причврстени на рамењата. Во нападот војниците користат долги штитови кои ги држат во левата рака додека со десната напаѓаат со долгото копје. Штитовите на војниците се во облик на бадем/солза, во горниот дел полукружни, додека долу се собираат во еден агол. Штитовие се декорирани со по три хоризонтални широки црни ленти на светла основа и порабени со флорална лента.

Иконографијата на тема *Страдањето на св. Димитриј* имала свој еволуција која отпочнува, околу 1000 г. во дело на цариградска работилница, со прикажување на маченикот св. Димитриј како го прима ударот, во стоечка позиција, со молитвено подигнати раце, прикажан во Менологот на Василиј II (Vat. gr. 1613, f. 139), од ватиканската библиотека.[69] Овој модел бил задржан и во оксфордском менологу (MS. Gr. th. f. 1, fol. 14v)[70], и на реликвијарот од Ватопеда.[71]

---

*Δημητρίου*, 122; Α. Ξυγγόπουλος, *Ὁ είκογραφικός κύκλος της ζωής τοϋ άγίον Δημητρίου*, 28; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 118, 140, 167; Kyriakudis, E., *Martyrdom of Saint Demetriosin Post-Byzantine Art*, 203, нап. 6.

68 Синџирестиот или мрежестиот панцир бил доста чест во римскиот период и бил дел од лесното вооружување на пешадијата. Појавата на овој вид одбранбена облека се појавил како резултат на освојувањето на византиските земји од западните витези во XII, односно XIII век. Овие панцири се составени од сосема мали кружни метални парчиња-фолиди, кои често се прикажани како се преклопуваат едни преку други, што индицира дека веројатно станува збор за вид на крлушестите панцири, а не за синџирести, како што се претпоставува. (Д. Ѓорѓиевски, *Средновековна дефанзивна облека – прилог кон проучувањето*, Патримониум.МК, год. 6, бг. 1, Скопје 2013, 136-137.

69 Α. Ξυγγόπουλος, *Βυζαντινόν κιβωτίδιον μετά παραστάσεων έκ του βίου του αγίου Δημητρίου*, 121, сл. 8; Α. Ξυγγόπουλος, *Ὁ είκογραφικός κύκλος της ζωής τοϋ άγίον Δημητρίου*, 28; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 117–118, 120, 139–140, 151; Α. Ξυγγόπουλος, *Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης*, 12.

70 Α. Ξυγγόπουλος, *Ὁ είκογραφικός κύκλος της ζωής τοϋ άγίον Δημητρίου*, 28–29; Α. Ξυγγόπουλος, *Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης*, 12; I. Hutter, *Corpus der byzantinischen Miniaturenhandschriften*, 7, 95, сл. 24)

71 Α. Ξυγγόπουλος, *Βυζαντινόν κιβωτίδιον μετά παραστάσεων έκ του βίου του αγίου Δημητρίου*, 121–123, сл. В 2. β; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности,* 139, 151; Α. Ξυγγόπουλος, Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης, 12.

Следела варијантата во која светителот се претставува во седната положба, со молитвено подигнате раце, а подоцна со подигната десница како би го примил ударот налик на Христос кога бил распнат на крстот, чиј извор е најден во солунската уметност на XIII век. За првпат, оваа иконографија на св. Димитриј како седи, се јавила веќе во втората половина на XI век на иконата со претставата на менологот од Синај, каде светителот е со високо подигната рака кога го прима ударот.[72] Следните примери на оваа тема, како што се примерите во Кити[73] и Таламес[74] се многу оштетени со што е оневозможено по детално нивно опсервирање.

Од двете расположиви варијанти, претставата каде светителот е во седечка положба кога го прима фаталниот удар, во понатамошниот развој на оваа сцена била доминантно прифатена како модел во ѕидното сликарство. И во овој тип има две варијации од кои во првата светителот ја крева десницата или пак е во молитвен став како што е претставен во Мистра[75] и во минијатурата на оксфордскиот Менолог (MS. Gr. th. f. 1, fol. 55).[76] И втората варијација, каде светителот е претставен со високо поставена десница над главата, која била прифатена во кругот на српската средновековна средина како што се примерите во црквата Богородица Љевишка[77], во Старо Нагоричане, 1315-1317/18 г. (композиција како дел од менологот)[78] и од Дечанската припрата, исто така како дел од црковниот календар.[79] На овој тип припаѓаат многу оштетената сцена на западниот

[72] Γ. Σωτηριου, and Μ. Σωτηριου, *Εικόνες της Μονής Σινά*, τ. 1, Αθήναι: Institut français d'Athènes, (1956), сл. 138; Γ. Σωτηριου, and Μ. Σωτηριου, *Εικόνες της Μονής Σινά*, τ. 2, Αθήναι: Institut français d'Athènes. 1958, стр. 121–123; G. Galavaris, *An Eleventh Century Hexaptich of the Saint Catherine's Monastery at Mount Sinai*. Venice: Hellenic Institute of Byzantine and Post-Byzantine Studies. (2009), 58, сл. 4.

[73] N. B, Δρανδάκης, Σ. Καλοπίση, Μ. Παναγιωτίδη, *Έρευνα στη Μάνη. Πρακτικά της εν Αθήναις Αρχαιολογικής Εταιρείας*, 180.

[74] N. Kontogiannis, S. Germanidou, *The Iconographic Program of the Prophet Elijah Church, in Thalames, Greece*, BZ 101/1 (2008), 71–72, сл. 15.

[75] G. Millet, *Monuments byzantins de Mistra*, Paris 1910, таб. 70, сл. 2; Α. Ξυγγόπουλος, *Βυζαντινόν κιβωτίδιον μετά παραστάσεων έκ του βίου του αγίου Δημητρίου*, 121–123; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 138–141; Α. Ξυγγόπουλος, Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης, 6, 12–13, 16.

[76] Α. Ξυγγόπουλος, *Βυζαντινόν κιβωτίδιον μετά παραστάσεων έκ του βίου του αγίου Δημητρίου*, 121–123; Α. Ξυγγόπουλος, *Ο είκογραφικός κύκλος της ζωής τοϋ άγίον Δημητρίου*, 28–29; Α. Ξυγγόπουλος, Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης, 13, 15–16, сл. 2; Hutter, 1978, стр. 33, сл. 103

[77] К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 120–121, 151, са нетачним описом да један војник има мач; Д. Панић, и Г. Бабић, *Богородица Љевишка*, 1975, 136, црт. 29; Б. Живковић, *Богородица Љевишка. Цртежи фресака*, Београд 1991, црт. на стр. 61

[78] П. Мијовић, *Менолог. Историјско-уметничка истраживања*. Београд: Археолошки институт, 1973, 265, сх. 6 /А–А/, сл. 34; Α. Ξυγγόπουλος, *Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης*, 4–5, 13, 15–16.

[79] П. Мијовић, *Менолог*, 324, сх. 50 /F–F/; С. Кесић-Ристић, и Д. Војводић, Менолог. У: В. Ј. Ђурић (ур.), *Зидно сликарство манастира Дечана. Грађа и студије* (377–434). Београд: САНУ, 1995, 384, таб. III, 11, сл. 1.



Сл. 10. Маченичката смрт на св. Димитриј, циклус на Св. Димитриј од црквата Св. Богородица Љевишка во Призрен

Fig. 10. *Martyrdom of St. Demetrius,* cycle of St. Demetrius in the church of the Virgin Ljevishka in Prizren

ѕид од припратата во влашкиот манастир Козија (1391 г.),[80] на житијната икона на св. Димитриј од Софија,[81] како и на пари ковани од Јован V Палеолог во Солун (1365-1376 г.).[82]

80 П. Мијовић, *Менолог*, 351, сх. 62 /В–В/, сл. 237; E. Negrău, Menologul de la Cozia : iconografie şi inscripţii. *Studii şi Cercetări de Istoria Artei - seria. Artă Plastică*, serie nouă, 8 (52), 2018, сл. 4

81 G. Gerov, *Une œuvre inconnue du XIV siècle: Icône de St. Démètrios avec son cycle hagiographique*. Scripta & E-scripta, 2, 2004, 146–147, 152.

82 Ph. Grierson, *Catalogue of the Byzantine Coins in the Dumbarton Oaks Collection and in the Whittemore Collection, Vol. 5, Michael VIII to Constantine XI (1258–1453). Part 1: Introduction, Appendices, and Bibliography.* Washington, D.C.: Dumbarton Oaks., 1999, V/1, 204–205; Ph. Grierson, *Catalogue of the Byzantine Coins in the Dumbarton Oaks Collection and in the Whittemore Collection, Vol. 5: Michael VIII to Constantine XI (1258–1453). Part 2: Catalogue, Concordances, and Indexes*. Washington, D.C.: Dumbarton Oaks,




Сл. 11. Маченичката смрт на св. Димитриј, менологот во црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане

Fig. 11. *Martyrdom of St. Demetrius*, menologion (church calendar) in the church of St. George in Staro Nagorichane

На почетокот на XIV век, содржината на сцената се збогатува со воведување на ангелот кој од небесата му го принесува маченичкиот венец и воедно на сцената присуствува неговиот слуга Луп (ова иконографија се должи на цариградското влијание од каде било пренесено во Солун и понатаму на Балканот.[83] Оваа развиена иконографска тема се слика во солунската црква Св. Апостоли (ок. 1314 г.),[84] потоа во српските манастири Грачаница како дел од менологот на северниот ѕид од припратата (1318-21)[85] и Дечани[86] како дел од житијниот циклус на светителот.

1999a, V/2, Nr 1251–1254.

[83] Α. Ξυγγόπουλος, *Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης*. ΔΧΑΕ, 8, (1976), 12–18.

[84] Α. Ξυγγόπουλος, *Βυζαντινόν κιβωτίδιον μετά παραστάσεων έκ του βίου του αγίου Δημητρίου*, 123; Α. Ξυγγόπουλος, *Ό είκογραφικός κύκλος της ζωής τοϋ άγίον Δημητρίου*, 28; Α. Ξυγγόπουλος, *Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης*, 1–18, црт. 1, сл. 1–4; Sh. Gerstel, Images in Churches in Late Byzantium: Reflections and Directions. In: S. Brodbeck, A.-O. Poilpré (dir.), *Visibilité et présence de l'image dans l'espace ecclésial. Byzance et Moyen Âge occidental* (93–120). Paris: Éditions de la Sorbonne, 2019, 115, сл. 11.

[85] П. Мијовић, *Менолог*, стр. 294, сх. 25 /I–I/; Α. Ξυγγόπουλος, *Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης*, 15–16; Б. Тодић, *Грачаница – сликарство*. Београд–Приштина, 1988, 226, сл. 86.

[86] В. Петковић и Ђ. Бошковић, *Манастир Дечани*, I–II. Београд 1941, таб. CCLXXII; К. Делијанис, *Циклус св. Димитрија у византијској уметности*, 166–167; Ј. Радовановић, *Иконографија живота и чуда св. Димитрија на фрескама манастира Дечана*, 1988, 120, црт. на стр. 121; С. Пајић, *Циклус св. Димитрија у северном параклису Дечана,* in: *Зидно сликарство манастира Дечана*, *Грађа и студије,* ed. В. Ј. Ђурић, Београд 1995, 356, сл. 5.

На Света гора, една доста оштетена фреска е сцена од овој тип, сликана во параклисот на Св. Димитриј во манастирот Ксенофонт (втора или трета четвртина од XIV век)[87] и воедно една икона од светогорскоит манастир Лавра (крај XIV – почеток на XV века).[88]

Ктиторите, во турбулетните политички околности на Балканот, на крајот од XIII и почетокот на XIV век, често се повикувале на заштитата на Св. Димитриј како поткрепа на нивните воени активности. Но и покрај широката популарност на Св. Димитриј во православната екумена, како еден од најзначајните великомаченици кој бил редовно застапуван во репертуарот на храмовите како воен заштитник, неговиот циклус не е зачуван во голем број. Од таму, циклусот на св. Димитрија, од манастирската црква Св. Димитрија во Велес, има посебен значај, пред сѐ поради неговата хронологија од крајот на XIII век, што овој циклус го позиционира во еден од постарите сочувани во средновековната уметност, после оној од Мистра и Пелопонеските примери и пред оние од српската средновековна средина.

И покрај оштетувањата на само трите сочувани сцени на велешкиот циклус (*св. Димитриј го спасува Солун од глад* и *св. Димитриј го убива царот Калојан* и третата *Маченичката смрт на св. Димитриј),* тој придонесува за збогатување во развојот на нивната иконографска особеност, која лежи пред сѐ на византиските обрасци, со предзнак на солунскиота базилика од каде се ширел неговиот култ. Сцената *св. Димитриј го спасува Солун од глад* е засега единствена сочувана претстава на оваа тема во средновековието. Друг близок пример, нешто подоцна насликан, среќаваме единствено во Дечани со таа разлика што таму се илустрира првиот дел од епизодата, *Јавувањето на св. Димитрија на сон на морнарот,* со цел да го преусмери бродот со жито кон Солун.

Другите две сцени *св. Димитриј го убива царот Калојан и Маченичката смрт на св. Димитриј*, и покрај тешките оштетувања, кој не дозволуват докрај јасно да се дефинираат деталите, во смисла што остава простор за извесни недумици како на пример во сцената *Маченичката смрт на св. Димитриј* дали земаат учество неговиот слуга Луп, кој вообичано се слика позади светителот и ангелот кој од сегмент на небо приоѓа да му ја принесе круната на главата на светителот за неговите претрпени маченништва, која развиена форма се манифестира во почетокот на XIV век. Во нашиот случај, веруваме дека сепак се работи за варијантата со симплифицираната форма која се поврзува со Солунската уметност на XIII век, како во примерот со нешто подноцнежниот циклус на Св. Димитриј

---

[87] Ε. Τσιγαρίδας, *Τοιχογραφίες της περιόδου των Παλαιολόγων σε ναούς της Μακεδονίας*. Θεσσαλονίκη: Πουρναράς, 1999, 86–87, сл. 50; Ά. Σέμογλου, Τοιχογραφίες. In: A. Ντούρος et al., επιμ., *Ο Άγιος Δημήτριος στην τέχνη του Αγίου Όρους* (153–222). Θεσσαλονίκη: Αγιορείτικη Εστία, 2005, 156, сл. 96.

[88] Α. Ξυγγόπουλος, *Η τοιχογραφία του μαρτυρίου του Αγίου Δημητρίου εις τους Αγίους Αποστόλους Θεσσαλονίκης*, 4–5, 13, 16, сл. 5; E. Kyriakudis, *Martyrdom of Saint Demetriosin Post-Byzantine Art*. Zograf, 31, 2006/2007, 204, сл. 1.

од црквата Св. Богородица Љевишка во Призрен (1309-13) (**Сл. 10**) или во црквата во Старо Нагоричане (1315-1317/18) како дел од менологот (**Сл. 11**).

*Darko Nikolovski*
(NU National Conservation Center - Skopje)

THE CYCLE OF ST. DEMETRIUS IN THE MONASTIC CHURCH OF ST. DEMETRIUS IN VELES

During the conservation activities at the Church of St. Demetrius in Veles, a wall painting originating from the end of the 13th century was uncovered in the narthex. Notably, the painting features a cycle dedicated to St. Demetrius. Only 3 scenes of this cycle have been preserved, two of which are located on the north wall – *St. Demetrius saves the town of Thessalonica from the famine* and *St. Demetrius slaying the tsar Kaloyan,* while the third scene, the *Martyrdom of St. Demetrius,* is located in the semicircular space formed by the arch of the vault of the west wall. Despite St. Demetrius` wide popularity within the Orthodox oikumene, whereas he was venerated as one of the most significant hiero-martyrs regularly depicted in the temples` artistic repertoires, mainly as a military protector, nevertheless his cycles have not been preserved in large numbers. Thus, the cycle of St. Demetrius in the monastic church of St. Demetrius in Veles, carries a special iconographic importance, above all due to its chronology from the end of the 13th century, which positions the cycle as one of the oldest preserved in the medieval artistic production.

Regardless of the damaging of the three preserved scenes from the cycle from Veles, i.e. *St. Demetrius saves the town of Thessalonica from the famine, St. Demetrius slaying the tsar Kaloyan* and the *Martyrdom of St. Demetrius,* these have nevertheless largely contributed to the evolution of the iconographic features of the scenes, which largely rely on the Byzantine matrixes, foremostly those of the Thessalonica`s basilica from which the saint`s cult was spread. At present the scene *St. Demetrius saves the town of Thessalonica from the famine* represents the only known preserved representation of this theme from the medieval period. Another close example, dated somewhat later, can be seen only in Dechani, although it is noteworthy to mention that it only illustrates the first part of the episode, i.e. *St. Demetrius appears to the sailor in a dream* in order to redirect the ship filled with grain toward Thessalonica.

The remaining two scenes, *St. Demetrius slaying the tsar Kaloyan* and the *Martyrdom of St. Demetrius,* due to their large scale damage, do not allow the clear definite identification of the details, thus leaving space for certain perplexity regarding the iconographic variant choice of the zograph (fresco-painter). For example, in the scene of the *Martyrdom of St. Demetrius,* we are facing the question whether it was the representation of the more compact basic variant which was artistically practiced by the end of the 13th century, in which the solders ending the life of the saint are painted with long spears, or it is the more complex, extensive narrative form of the scene, evident from the beginning of the 14th century, in which the scene has been supplemented with the presence of the saint`s servant Lupus and the angel, depicted in the segment of the heaven, descending to crown the head of St. Demetrius for his martyrdom. We nevertheless believe that the example from Veles depicts the simplified variant, which is artistically related to the Thessalonica`s art from the 13th century, as in the example from the chronologically later cycle of St. Demetrius from the church of the Holy Virgin Ljevishka in Prizren (1309-13), or the one from the church in Staro Nagorichane (1315-1317/18) where it is painted as part of the church`s calendar (menologion).